# Европа за младинските работници и младите активисти

Дали барате можност да стекнете нови искуства, да ги развиете своите вештини и да се поврзете со други европски младински работници или млади активисти? Ако е така, тогаш учеството во активности за мобилност преку Клучната акција 1 на програмата Еразмус+ може да биде совршено решение за Вас.

**Во какви активности можете да бидете вклучени?**

Активностите за професионален развој КА1 се транснационални или меѓународни иницијативи за мобилност за неформално учење, кои траат од 2 до 60 дена и го поддржуваат професионалниот развој на младинските работници и на сите останати кои се активни на полето на младите. Тие можат да бидат во форма на:
**- студиски посети и различни видови задачи,** како што се следење на работа, размена на младински работници и врсничко учење во младински организации и други институции активни во областа на младинска работа во странство;
**- вмрежување и градење на заедница** помеѓу младинските работници;
**- курсеви за обука** кои го поддржуваат развојот на компетенциите за имплементација на квалитетни практики на младинска работа или адресирање и тестирање на иновативни методи (на пример, поврзани со дигитална и паметна младинска работа);
**- семинари и работилници** кои особено поддржуваат градење знаење и споделување на најдобри практики поврзани со целите, вредностите и приоритетите на Стратегијата на ЕУ за млади и на програмите на ЕУ.

**Зошто да учествувате во мобилностите на Еразмус+?**

Меѓународните искуства како опишаниве погоре нудат различни придобивки, вклучувајќи:
- професионален развој. Ќе имате можност да стекнете нови вештини и знаења кои можат да Ви помогнат во работата со младите. Можете да научите нови техники, стратегии за решавање проблеми и начини за работа со различни младински групи. Она што е исто така важно е што можете да ги споделите Вашите искуства и знаења со другите на Европската сцена!
- културна размена. Активностите за мобилност Ви овозможуваат да искусите различни култури, традиции и обичаи, како и да научите за спецификите на младинската работа во други земји. И другите луѓе можат да земат нешто од Вас и да го спроведат во нивната секојдневна работа;
- можности за вмрежување. Вие и Вашата организација можете да се поврзете со колеги од различни делови на Европа кои живеат во поинакви услови, да споделувате искуства и знаења и да изградите меѓународни партнерства за взаемно зајакнување;
- подобрување на компетенциите за странски јазици. Можете да ги подобрите Вашите јазични вештини со активно користење на друг јазик и практично вежбање со други учесници кои зборуваат различни јазици. Исто така, можете да го подобрите Вашиот професионален англиски јазик во однос на темата со којашто работите;



Funded by the European Union

- да пронајдете инспирација. Учеството во активности за мобилност може да Ви обезбеди нови идеи, алатки и техники корисни во Вашата работа со млади луѓе, како и во креирањето на младински политики. Понекогаш гледиштето во друга земја е сосема поинакво од Вашето, па може да ве инспирира Вас, а и Вие можете да ги инспирирате другите.

**Дали можете да учествувате?**

Мобилностите во рамките на Клучната акција 1 од Еразмус+ за младински работници се отворени за сите граѓани кои живеат во европска или партнерска земја (без разлика на нивната националност), кои се постари од 18 години и се активно вклучени во младинска организација или друго тело кое се занимава со младински политики или иницијативи. Вие сте вистинска личност доколку сте младински работник, активен член, социјално-образовен аниматор или лидер на младинска група.
Речиси во сите мобилности, се користи Англискиот јазик за време на имплементацијата, освен ако не е поинаку договорено помеѓу партнерските организации. Од таа причина, основното познавање на овој јазик е од суштествено значење за вистинско активно учество.

**Каков вид на поддршка се обезбедува?**

Мобилностите на младинските работници се финансирани од Европската Унија, што значи дека се покриени речиси сите трошоци, вклучувајќи ги патувањето, сместувањето и оброците, осигурувањето.
Сепак, понекогаш може да биде побарано да учествувате со мала сума во трошоците на програмата доколку придонесот од ЕУ не е доволен да ги покрие 100% од патните трошоци.
Практичните поединости  зависат од договорот со локалната организација: понекогаш треба сами да ги купите билетите, а трошоците за тоа ќе Ви бидат вратени подоцна, додека понекогаш сите билети ги купува организацијата. Сè е прашање на договор.

**Како да учествувате во активностите за мобилност на Еразмус+?**

Сите проекти за мобилност се организирани од организација која во конкретниот проект има улога на организација-домаќин или на организација-испраќач. За да учествувате во одредена активност, мора да стапите во контакт со организација која има ваква улога во одобрен проект (или организацијата во која сте веќе активни треба да биде формален партнер на проектот).
Овие организации можат да Ви помогнат да ја пронајдете вистинската можност, да Ве водат низ процесот на аплицирање и да обезбедат соодветна поддршка во текот на Вашето искуство со мобилност, како и да Ви обезбедат соодветни услови во кои ќе можете да го споделите Вашето искуство на крајот на проектот и секако - да го поддржите понатамошното споделување на целокупните резултати од проектот.
Речиси сите можности за мобилност се објавени на Националниот младински портал или на веб-порталот на SALTO.
Исто така, на Вашата омилена социјална мрежа можете да побарате групи или страници кои промовираат конкретни проекти за кои можете да бидете заинтересирани.

**Повеќе информации:**

**Повеќе информации може да најдете на нашата веб-страница www.youthspeaces.eu во делот Еразмус+ или на Веб страната на Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност na.org.mk во делот за млади. Специфична и многу важна веб-страница за можности за обука во рамките на Еразмус+ е Salto, управувана од неколку национални агенции на Еразмус. Можете да ја погледнете на www.salto-youth.net.**